Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

# Извадок на дел од дневни настани 23.02.2024

На 22.02.2024 околу 21.30 часот на улица „Илинденска‟ во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода О.Ј.(24) и Н.С.(22) од тетовски Требош и малолетник од тетовско Слатино. При ниven и преглед на патничко возило „фолксваген голф‟ со една тетовска и една скопска регистарска табличка, во кое се превезувале, била пронајдена и одземена марихуана. Тројцата се задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

Денеска (23.02.2024) околу 04.50 часот на улица „Панче Поповски‟ во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 34-годишниот гостиварец Џ.Д. затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Задржан е во Полициската станица Гостивар и по документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.02.2024 во СВР Куманово, Ш.Б.(55) од с.Отља, општина Липково, пријавил дека во населба Бедиње во Куманово, при извршување раотни задачи со работна машина на пат, пронашол граната. Пиротехничар од Дирекцијата заштита и спасување ја подигнал гранатата и констатирал дека се работи за корозирана минофрлачка граната калибар 120 мм. Увид извршила екипа од СВР Куманово.

Во текот на вчерашниот ден (22.02.2024) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 201 возач. Од нив, 13 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 90 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 111 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (22.02.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 153 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина девет санкции, девет мерки за возење без возачка дозвола, седум за користење мобилен телефон при управување, четири санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло...

На 22.02.2024 во 11.16 часот во СВР Битола било пријавено дека на ул.„Никола Тесла‟ во Битола, товарно возило „фолксваген‟ со скопски регистарски ознаки, управувано од И.К.(60) од с.Сарај, скопско, удрило во М.Г.(83) од Битола. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила М.Г., констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола.

На 21.02.2024 во 19.00 часот во СВР Струмица било пријавено дека на крстосницата од ул.„Ѓорги Упчев‟ и ул.„Мара Минанова‟, четирицикл без регистарски ознаки, управуван од малолетник од Струмица, излетал надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетен сопатник од Струмица, а со телесни повреди се здобил возачот констатирани во Општата болница Струмица. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Струмица.

Денеска (23.02.2024) во 00.30 часот во Полициското одделение Петровец, З.А.(44) од Скопје пријавила дека во близина на Меѓународен аеродром Скопје бил каснат од куче скитник.

На 22.02.2024 во 20.25 часот во Полициската станица Аеродром, Д.К.(50) од Скопје пријавил дека на бул.„Кузман Јосифоски Питу‟ во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 22.02.2024 во 13.30 часот во Полициската станица Аеродром, Р.М.(78) од Скопје пријавил дека на ул.„Владимир Комаров‟ во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 22.02.2024 во 23.00 часот во Куманово, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Куманово ги лишиле од слобода А.Н.(31) и Н.А.(36), двајцата од Куманово. При преглед кај нив бил пронајден кокаин, а подоцна при претрес во домот на Н.А.(36), извршен со судска наредба, биле пронајдени кокаин, шест дигитални ваги и повеќе куршуми. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе следуваат соодветни пријави.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против А.Т.(34) од струшкото село Октиси поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори‟. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, полициските службеници пронајдоа и одзедоа марихуана.

На 22.02.2024 во периодот од 12.00 до 18.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спровеле акциска контрола во која биле откриени и санкционирани вкупно 95 возачи (ТЕ-93 и ГВ-2) кои зборувале на мобилен телефон додека возеле, како и 18 возачи (ТЕ-13 и ГВ-5) кои не користеле сигурносен појас. На сите им се изготвени соодветни поднесоци и ќе се соочат со парични глоби, кои за овие видови прекршоци изнесуваат 40 евра (телефон) и 50 евра (појас) во денарска противвредност. При контролата, исто така, биле санкционирани и 4 возачи (ТЕ) кои ги управувале возилата без положен возачки испит и валидна дозвола за тоа, 2 возачи (ТЕ) кои управувале возила со затемнети фолии и 1 возач (ГВ) кој управувал технички неисправно возило. Покрај ова, со поднесоци биле заокружени и 14 непрописно паркирани возила во Тетово, од кои 7 се подигнати од тетовската „пајак-служба‟.

На 22.02.2024 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 21 прекршоци, од кои 13 надвор од населено место и 8 во населено место. Санкционирани биле и 57 други видови на прекршоци кои 1 за технички неисправно возило, 2 за нерегистрирано возило, 12 без возачка дозвола, 21 некористење сигурносен појас, 11 користење мобилен телефон, 1 некористење заштитна кацига и 9 непрописно паркирање.

На 22.02.2024 околу 14.20 часот во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишија од слобода А.К.(36) од Скопје, постапувајќи по пријава дека околу 14.00 часот во угостителски објект на ул.„Ќемал Сејфула‟ во Скопје пукал во Е.С. и му нанел повреда во ногата. Тој е задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.02.2024 во 10.50 часот во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Центар при СВР Скопје го лишиле од слобода К.Х.Х.(55) од Скопје. Тој се сомничи дека околу 09.20 часот во продажен објект на подрачјето на Центар, по претходна расправија, физички ја нападнал вработената Л.Х.(46) од с.Стајковци, скопско. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.02.2024 во ОВР Прилеп било пријавено дека во 20.15 часот на место викано „Топташ‟ во Прилеп бил пронајден починат А.Ј.(46) од Прилеп, за кој истиот ден во 10.00 часот неговата сопруга С.Ј.(47) пријави дека се оддалечил од домот. Смрт констатирал доктор од Итна медицинска помош Прилеп, а увид извршила екипа од ОВР Прилеп. По наредба на јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 22.02.2024 во 12.30 часот СВР Скопје, 18 – годишна девојка од Скопје пријавила дека на 21.02.2024 околу 16.00 часот во сала за вежбање на подрачје на Драчево, Е.Т.(26) од с.Морани, скопско, ја влечел за рака, а претходно и праќал пораки и ја вознемирувал. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.02.2024 во 09.50 часот во Полициската станица Велес, Д.Р.(45) од Велес пријавила дека во младинскиот парк во Велес била касната од куче скитник.

На 22.02.2024 во 19.00 часот во СВР Тетово, 33 - годишниот тетовец Х.Г. пријавил дека на улица „Јован Ончевски‟ во Тетово бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Б.Р.(52) од с.Велешта, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности‟. Пријавениот, на 31.07.2023 на подрачје на Калишта, струшко, на државно земјиште без одобрение поставил метални столпчиња и оградил две парцели, по што започнал со истурање земја на ограденото место.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Л.Ќ.(33) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „лажно пријавување на кривично дело‟. Пријавениот, на 20.02.2023 во Струга лажно пријавил дека од стан, од кој имала клуч неговата поранешна сопруга, биле одземени пари и злато и ја посочил неа дека ги одзела.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против В.В.(39) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување‟. Пријавениот, вработен како курир во приватна фирма за брза пошта, на 25.08.2023 задржал за себе 92.200 денари од доставени пратки, наместо да ги раздолжи во правниот субјект.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Г.В.(38) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори‟. На 27.09.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана и гранки од растението канабис.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против О.Д.(43) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори‟. На 28.04.2023, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило, кое го управувал пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.Т.(39) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори‟. На 15.02.2024, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле амфетамин и таблети.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.А.(55) од с.Селце, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи‟. На 18.12.2023 на ул.„Маршал Тито‟ во Тетово, полициски службеници го забележале пријавениот како на тезга продава разновидни пиротехнички средства, кои му биле одземени.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против П.Ш.(67) од Живојно поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување на службено лице во вршење на службено дејствие‟. На 15.02.2023 во Одделението за управни работи Струга, пријавениот физички нападнал референт за издавање возачки дозволи.

Регионалниот центар за Гранични работи Север поднесе кривична пријава против В.А.(31) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа‟. На 26.01.2024 на Граничен премин Табановце, пријавениот употребил фалсификувана германска возачка дозвола.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет